Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 04-119/1
21.01 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Со цел да се унапреди улогата на Бирото во креирањето, унапредувањето и спроведувањето на образовните политики, како и да се зајакне институционалниот интегритет, професионалната одговорност и довербата на јавноста, директорот на Бирото за развој на образованието го донесува овој

# ЕТИЧКИ КОДЕКС
## за вработените во Бирото за развој на образованието

**Член 1**

Со овој Етички кодекс (во натамошниот текст: Кодекс) се утврдуваат етичките стандарди и правила на однесување на вработените во Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: БРО). Овој кодекс претставува збир на професионални стандарди и вредности кои се применуваат подеднакво на сите нивоа од организациската структура на БРО, од страна на сите вработени во БРО.

Со овој кодекс се пропишуваат основните начела и принципи на чесно, совесно и прифатливо управување и однесување, унапредување на професионалните односи во работната средина, промоција на тимската работа, избегнување на коруптивно однесување, избегнување судир на интереси, соодветно постапување со службените информации и други незаконски и неетички однесувања и активности.

Овој Етички кодекс претставува посебен интерен акт на Бирото за развој на образованието и се применува дополнително и во согласност со кодекс за административни службеници, без да ги исклучува, менува или ограничува правата и обврските утврдени со закон и подзаконски прописи.

**Член 2**

Целта на овој кодекс е воспоставување добри практики и етички норми, чување и унапредување на институционалниот интегритет, афирмација и унапредување на достоинството и угледот на вработените, како и зајакнување на довербата во работата на БРО.

**Член 3**

Вработените во извршувањето на работите и работните задачи ги почитуваат Уставот на Република Северна Македонија, законите, ратификуваните меѓународни договори, подзаконските прописи и интерните акти на БРО. Вработените, преку давање личен пример со своето однесување и работење, ги промовираат демократските вредности и владеењето на правото.

**Член 4**

Во остварувањето на надлежностите и извршувањето на работните задачи, вработените промовираат еднаквост, инклузивност и недискриминација преку создавање можности и почитување на различностите, како и преку практикување еднаков третман меѓусебно, во односите со другите општествени чинители, државните органи и стратешките партнери, без злоупотреба и дискриминација по кој било основ.

**Член 5**

Вработените ја извршуваат својата работа совесно, навремено и одговорно и при постапување по конкретни предмети и донесување конкретни одлуки не се раководат од погрешна, неправилна или неразумна оцена на фактичката состојба заради предрасуди, остварување амбиции за напредување во кариерата, судир на интереси, закани од претпоставените или лица засегнати во конкретен случај.

Вработените со својот изглед прикажуваат професионализам и уредност и изборот на облеката и модните додатоци го прилагодуваат на деловниот изглед.
При извршувањето на работните задачи, вработените воспоставуваат професионална комуникација и се придржуваат и ги применуваат правилата на однесување, како во односите со колегите и раководството, така и кон странките и другите соработници. Вработените во односите со колегите негуваат дух и начела на тимска работа, заемно почитување, уважување на различностите, солидарност и соработка.
Вработените во односите со претпоставените го почитуваат нивниот авторитет и положба, покажувајќи разбирање за воведување технички, организациски и друг вид промени.
Во јавните настапи во кои го претставуваат БРО, вработените изнесуваат исклучиво официјални ставови на институцијата, во согласност со прописите и добиените овластувања. Во јавните настапи во кои не го претставуваат БРО, вработените не изнесуваат податоци од делокругот на работа на БРО и од работното место со кои би се нарушил угледот на БРО и би се поткопала довербата на граѓаните во администрацијата. Во комуникацијата со јавноста и при користење приватни профили на социјалните мрежи, вработените го имаат загарантираното право на сопствено мислење, но се воздржуваат од давање недолични коментари на расна, етничка, верска, родова, социјална или друга основа со кои би го нарушиле личниот углед и угледот на БРО.
Вработените доследно ги почитуваат правилата насочени кон одржување ред и мир во БРО, промовирање социјална и општествена одговорност, како и рационално користење и заштита на сопственоста.

**Член 6**

Вработените ги извршуваат работните задачи на политички неутрален начин, без да ги застапуваат или изразуваат своите политички уверувања при вршењето на службените задачи.
Вработените ниту ја истакнуваат ниту ја наметнуваат на други својата политичка определба и не вршат политички активности што можат да ја поткопаат довербата во нивната способност да ги извршуваат работните задачи на непристрасен и објективен начин, како и довербата на јавното мислење во БРО.
Во работните простории не се истакнуваат партиски симболи во каква било форма.

**Член 7**

Вработените при извршувањето на работните задачи го почитуваат принципот на спречување судир на интереси и ги застапуваат во целост интересите на БРО и нејзините стратешки цели.
Вработените избегнуваат активности што можат да ги доведат во судир на интереси или да се протолкуваат како злоупотреба на надлежностите и службената положба со цел стекнување противправна корист.

**Член 8**

Вработените строго се спротивставуваат на секој обид за влијание врз професионалните вредности и личниот интегритет, како и на секое друго дејствие што не е во согласност со позитивните прописи.
Вработените не бараат и не прифаќаат подароци, услуги, помош или каква било друга корист од материјален или финансиски вид при извршувањето на работните задачи. Секој добиен протоколарен подарок при вршењето на работните задачи во земјата или во странство, вработениот го пријавува кај претпоставениот доколку неговата вредност ја надминува вредноста утврдена со позитивните правни прописи.

**Член 9**

Вработените на кои им се дадени материјални средства и ресурси на користење, при ракувањето со истите ги почитуваат принципите на економичност и ефикасност, рационално користејќи ги само за службени потреби и за целите за кои се наменети.
Секое намерно или неодговорно однесување кон материјалните средства и ресурси е предмет на покренување соодветна постапка, согласно позитивните правни прописи.

**Член 10**

Вработените внимаваат на интерната и екстерната комуникација, без разлика дали таа се врши во писмена, усна или електронска форма, со цел да избегнат случајно или ненамерно споделување службени информации што можат да предизвикаат сериозни обврски и/или ризици по работењето на БРО. При комуникацијата со други лица, во случај на класифицирани информации, вработените стриктно се придржуваат до пропишаните мерки и активности за нивна заштита.
Вработените ги споделуваат службените информации само по претходно добиено општо или конкретно овластување од директорот на БРО и истите ги користат исклучиво за извршување на работнитѐ задачи и обврски, а не за сопствен приватен интерес или интерес на друго лице.

**Член 11**

Во случаите кога јавно се коментира работата или се настапува во име на БРО, во функција на неговото јавно претставување, вработените изнесуваат ставови што се во согласност со официјалните ставови на БРО.
Вработените кои имаат овластување да објавуваат содржини на службената веб-страница на БРО, тоа го прават по претходно добиено одобрение од непосредно претпоставениот или од директорот на БРО.
Вработените кои имаат овластување за посредување при давање пристап до информации од јавен карактер, таквите информации ги обезбедуваат во согласност со позитивните прописи.

**Член 12**

Надзорот за примена и следење на почитувањето на Кодексот го врши Етичкиот комитет во БРО.
Етичкиот комитет е составен од три члена, од кои еден член е од редот на вработените распоредени во Одделението за управување и развој на човечки ресурси и ја врши улогата на претседател на Комитетот.
Членовите на Етичкиот комитет не можат да бидат повикани на одговорност, ниту да бидат доведени во неповолна положба во однос на другите вработени заради извршувањето на оваа должност.
Членовите на Етичкиот комитет ги определува директорот на БРО.

**Член 13**

Во рамките на Етичкиот комитет, директорот назначува Повереник за етика.

**Член 14**

Етичкиот комитет постапува по сопствена иницијатива или по поднесена претставка за непочитување на основните начела и неетичко однесување или постапување на вработените, во рамките на опфатот на примена на овој кодекс.
Претставката мора да содржи:
- име и презиме на подносителот;

- име и презиме на вработениот на кого се однесува; датум на преземање на дејствието за наводна повреда;
- детален опис на дејствието; своерачен потпис и датум на поднесување.

Во прилог на претставката може да се достават и докази.

Етичкиот комитет не постапува по анонимни претставки.

**Член 15**

Етичкиот комитет може со записник да ја отфрли претставката како недозволена ако нема основ за постапување, ако не содржи доволно податоци или ако повредата е сторена пред влегувањето во сила на овој кодекс.

Записникот се доставува до подносителот и до директорот на БРО, а еден примерок се чува во архивата на Етичкиот комитет. Ако претставката е основана, предметот се доставува до Повереникот за етика за неформално разрешување.

**Член 16**

Повереникот за етика во рок од 7 дена го предупредува вработениот и се обидува неформално да го разреши етичкото прашање. Доколку тоа не е возможно, се закажува седница на Етичкиот комитет во рок од 7 дена.

**Член 17**

Етичкиот комитет донесува извештај со кој утврдува дали претставката е неоснована или постои повреда на етичките начела. Извештајот се доставува до засегнатите страни и претставува основ за покренување постапка за дисциплинска одговорност, во согласност со Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и другите важечки прописи.

**Член 18**

Вработените се придржуваат кон одредбите од овој кодекс и потпишуваат изјава дека истиот го прочитале и разбрале. Потпишаната изјава се чува во персоналното досие на вработениот.

**Член 19**

Овој кодекс се објавува на веб-страницата на БРО на денот на неговото влегување во сила.

**Член 20**

Овој кодекс влегува во сила со денот на неговото донесување.

Директор

м-р Милка Тримчевска

Изработил: Метин Сали

Прилог бр.1

Врз основа на член 18 од Етичкиот кодекс за вработените во Биро за развој на образованието ја давам следната изјава:

**ИЗЈАВА**

Јас (име и презиме)
_____________________________________________вработен/а во Биро за развој на образованието, на работно место_____________________________ во Сектор/Одделение_________________________________________________________________
___потврдувам дека сум запознат/а со правилата на етичките стандарди и правила на професионално однесување на вработените во БРО (Етичкиот кодекс) и изјавувам дека истите доследно ќе ги почитувам и ќе се придржувам кон одредбите од Кодексот при извршувањето на работите и работните задачи.

**Потпис**

_____________